Врз основа на член 91, став 3 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14,44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) изготвен е

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА**
**за**
**Проектот: „Изградба на насипна брана Отиња со придружни објекти“ – Штип**
**Место: Општина Штип, Сала на совет на Општина Штип**
**Датум и време: 27.08.2019 во 12:00 часот**

На ден 27.08.2019 година, со почеток од 12:00 часот, во салата на Советот на Општина Штип се одржа јавна расправа за проектот: „Изградба на насипна брана Отиња со придружни објекти“ – Штип. Јавната расправа ја организираше Министерството за животна средина и просторно планирање. Претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање беше г-дин Влатко Цветаноски, додека од страна на изготвувачот на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина, компанијата ДЕКОНС-ЕМА, Скопје, присутни беа г-ѓа Менка Спировска и г-ѓица Кристина Петровска.

Јавната расправа ја отвори г-дин Влатко Цветаноски кој го водеше и целиот процес. На самиот старт беше претставен дневниот ред за јавната расправа. Од страна на г-дин Влатко Цветановски беше презентирана постапката за оцена на влијанија врз животната средина, причината за изработка на студијата, како и претставување на присутните на јавната расправа.

По воведното излагање од страна, г-дин Влатко Цветаноски, му даде збор на градоначалникот на Општина Штип, г-дин Благој Бочварски, кој ги поздрави присутните и даде краток историјат за проектот, како и потребата од негова реализација. По излагањето на Градоначалникот, се пристапи кон презентација на содржината на студијата за оцена на влијанија врз животната средина од страна на г-ѓица Кристина Петровска.

Презентацијата започна со презентирање на процедурата на ОВЖС во согласност со Законот за животна средина и добиеното Решение за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина. Потоа следеше краток вовед во историјатот на Проектот и презентација на разгледуваните алтернативи. Презентацијата продолжи со технички опис на Проектот, опис на разгледуваните влијанија во пред-градежна, градежна и оперативна фаза, како и мерките предложени во студијата за намалување на идентификуваните влијанија. По завршување на презентацијата, г-ѓа Менка Спировска ја истакна важноста за имплементација на овој проект и каде заинтересираните граѓани може да ја разгледаат ОВЖС студијата. Упати благодарност до Градоначалникот и ја нагласи потребата сите Планови кои беа

презентирани на јавната расправа, а се наведени во Студијата, да бидат вклучени во тендерската документација, бидејќи истите се во надлежност на идниот Изведувач на брана Отиња. Од нејзина страна беше истакнато дека членовите на проектантскиот тим, од оправдани причини не можеа да присуствуваат на оваа јавна расправа, но доколку некој од присутните има прашања, а се во нивна надлежност, истите да ги постават на самата расправа или по писмен пат, а проектниот тим дополнително ќе даде соодветни одговори.

Потоа г-дин Влатко Цветаноски ја отвори дискусијата со присутните граѓани. Прва за збор се јави г-ѓа Јасминка Петешева од ЈП „Исар“, Штип.

**г-ѓа Јасминка Петешева**: студијата е обемен документ во која генерално се дадени сите позитивни и негативни влијанија врз животната средина. Нашата задача како Општина е да докажеме и покажеме дека ние може да се справиме со вакви големи проекти. Она што е од особена важност за мене, а што колешката непрекинато го спомнуваше при презентацијата, е изработката на планови. Сите овие планови треба да се стават во идната тендерска документација за изведба на проектот и да бидат обврска на Изведувачот. Бидејќи сето тоа што нема да биде наведено како обврска на Изведувачот, ќе биде обврска и трошок на Инвеститорот. Во градежната фаза многу е важна загубата на шумскиот фонд и вегетацијата. Општината треба да одлучи дали компензационите мерки за надоместок на загубеното,ќе ги даде на Инвеститорот и ќе ги вклучи во тендерската документација како барање, или ќе се води друга процедура. Во презентацијата беше наведено дека во самиот ДУП е предвиден зелен заштитен појас. Исто така сметам дека во оперативната фаза задолжително е да се дефинираат заштитните зони на оваа брана. Врз основа на овие документи во иднина ќе се дефинираат детални урбанистички планови во насока на спорт и рекреација.

Следен за збор се јави г-дин Тодор Рибарски.

**Г-дин Тодор Рибарски,** во своето обраќање истакна дека вечниот сон на Штипјани се оствари. Тој истакна дека во просторот, каде е предвидена изградба на браната, има лозови насади, поточно во областа Каваклија, Чамлакот, Ајтанот и дел од Струмина чешма. Тоа е сливното подрачје на регионот каде целата вода се влива во Сутлакот и води кон река Отиња. Од другата страна на реката се лоцирани местата викани Попова Чешма, Чепрово и Липов дол кои исто така се сливни подрачја, но овие години таму вода нема. Прашањето се однесува на протокот во р.Отиња низ Штип, што беше спомнато во презентацијата. Моето искуство со браната Градче од Кочани кажува дека таму има поголем поголем проток пред браната, отколку протокот што истекува во Кочани. Дали со регулирањето на протокот во р. Отиња низ Штип ќе дојде до празнење на акумулацијата на река Отиња? Евидентно е дека последните години нема многу вода во сливното подрачје на р. Отиња. Што значи дека ќе влегува

помалку вода, а повеќе ќе истекува. Друго прашање ми е околу експропријацијата. Дали средствата за експропријација ќе бидат доволни за да се изгради браната.

**Г-ѓа Менка Спировска**: Околу првото прашање за биолошкиот минимум, проектантскиот тим ги зедоа предвид 100 и 1000 годишни води, во сливното подрачје на река Отиња. Истите покажуваат дека река Отиња во одредени периоди од годината има многу повеќе проток, па дури има и пороен карактер. Интенцијата со оваа брана е да се зафатат тие води и истите да бидат регулирани низводно. Нормално е дека во одредени периоди ќе има повеќе доток на вода во акумулацијата, но затоа ќе се регулира и истекот. Ќе постои тело за управување, односно претпријатие кое ќе ги регулира овие состојби.

**Г-дин Благој Бочварски**: прашањето за експропријација би го поделил во два дела. Самата изградба на брана Отиња, односно насипот на браната се наоѓа на државно земјиште. Моментално сме во трка со времето да започнеме со изградба на тој дел кој е предвидено да биде завршен за 2.5 години. Но, се ќе зависи од временските услови како и од динамиката на работа на фирмата, која ќе биде ангажирана за изградба. Додека се гради браната ќе се врши експропријацијата на другото приватно земјиште, кое ќе го зафати акумулацијата. Се додека се гради браната, нема да се запира водата и се ќе се одвива тековно. Во тој 2.5 годишен период ќе се работи на експропријација. При технички прием на објектот мора да ги имаме решено имотно – правните односи за тој објект. Нема да се има застој во изградбата во однос на експропријацијата на земјиштето.

По барање на г-дин Зрлев Киро, г-ѓица Кристина Петровска повторно даде преглед на главните карактеристики на браната, како и приказ на напречен и надолжен пресек на телото на брана Отиња. Врз основа на тоа, за збор се јави градоначалникот на Општина Штип, г-дин Благој Бочварски.

**Г-дин Благој Бочварски:** уште една дополнителна информација во врска со ширината на круната која беше сега презентирана. Се забележа дека ширината на круната е 7 метри, што значи дека по проектот е предвидено да се изгради улица по самата круна. Поконкретно, ќе се спојат спортските зони на Градот. Едната е Блок 2000, Бело Брдо, а другата страна Султак.

**За збор повторно се јави г-дин Тодор Рибарски**, кој истакна дека карактеристично за регионите што претходно ги спомнав е дека многу одамна имало подземно езеро, така да тоа сливно подрачје се слива во делот на Сутлачки дол што излегува кај аквадуктот Кемер. Дали со градбата на браната Кемерот ќе остане.

**Г-ѓа Менка Спировска:** во студијата е анализиран тој објект и дадени се мерки за заштита како да се задржи. Евидентирано е и мора да се сочува.

Бидејќи никој не се јави за збор, г-дин Влатко Цветаноски ја затвори дискусијата. Следните чекори се изработка на Извештај за соодветност на студијата и издавање на Решение за одобрување на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина.

Прилог 1.1: Листа на присутни

Прилог 1.2: Слики

**Прилог 1. 1 Листа на присутни**

**Листа на присутни лица на Јавната расправа по Студија за ОВЖС за проектот – Изградба на насипна брана со придружни објекти "Отиња" на ден 27.08.2019 година (вторник) со почеток во 12 часот во Салата на советот на Општина Штип**

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
|---|---|---|---|
| 1 | Кирил Шалев | | |
| 2 | Стојан Трајчев | | |
| 3 | Тодор Рибарски | Пензионер | |
| 4 | Зарев Киро | | |
| 5 | Тодор Љуботенски | | |
| 6 | Мишева Борислава | ЈП Стипион 2011 | |
| 7 | Викторија Атанасова | ЈП Стипион 2011 | |
| 8 | Драгана Стојова | ЈП Стипион 2011 | |
| 9 | Борче Везенков | Општина Штип | bvezenkov@gmail.com 070/446-226 |
| 10 | Сенка Андреева | Општина Штип | senka.andreeva@yahoo.com |
| 11 | Митевски Владимир | Директор на Дооел „КЕЦ" | |
| 12 | Митевски Димитар | Пензионер | |
| 13 | Марина Митревска | Општина Штип | marina.jovanovic@stip.gov.mk 078/472 724 |
| 14 | Сунчица Ѓуфтеска | Градоначалник | sunica.gjuftesuo@gov.mk 071-212-312 |
| 15 | Софче Тразиева | Општина Штип | sofcetrazieva@gmail.com 078/476-519 |
| 16 | Лидија Глигорова Јанкова | Општина Штип | lidija.gligorova_jankova@stip.gov.mk |
| 17 | Никола Рилак | Општина Штип | nikola_rilak91@yahoo.com 078/394-011 |
| 18 | Никола Шалев | Општина Штип | nikola_sale@live.com 078 472 602 |
| 19 | Јане Анастасов | Бол. Штип | |
| 20 | Викторија Јованова | МИА и ТВ Телма | vikijovanova@gmail.com 071 309 133 |
| 21 | Златко Панов | Општина Штип | zlatko.panov@hotmail.com 070/210 470 |
| 22 | Весна Крстева | Канал 77 | vesna@kanal77.com.mk |
| 23 | Вишна Сотирова Ангелова | Општина Штип | visna.sorova@gmail.com |

**Листа на присутни лица на Јавната расправа по Студија за ОВЖС за проектот – Изградба на насипна брана со придружни објекти "Отиња" на ден 27.08.2019 година (вторник) со почеток во 12 часот во Салата на советот на Општина Штип**

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
|---|---|---|---|
| 24 | Јасминка Петрешевска | Ј.П. Исар Штип | JASMINA_ДОНЕ@YAHOO.COM |
| 25 | Менче Спировска | ДЕКОНС-ЕМА, Скопје | m.spirovska@ema.com.mk |
| 26 | Соња Митанова | Општина Штип | 078/472-616 sonja.mitanova@stip.gov.mk |
| 27 | Милкица Димитрова | Општина Штип | 078 322893 msaneva@gmail.com |
| 28 | Јане Миланов | Претс. совет на О. Штип | 078/472601 jane_milanov@yahoo.com |
| 29 | | | |
| 30 | | | |
| 31 | | | |
| 32 | | | |
| 33 | | | |
| 34 | | | |
| 35 | | | |
| 36 | | | |
| 37 | | | |
| 38 | | | |
| 39 | | | |
| 40 | | | |
| 41 | | | |
| 42 | | | |
| 43 | | | |
| 44 | | | |
| 45 | | | |
| 46 | | | |

**Прилог 1. 2 Слики**






